104.

ВЕЧЕР, бр.479, 16 април, 1965 година

БРИТАНСКАТА УМЕТНИЧКА ШКОЛА ЗА МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ

Музејот на современа уметност во Скопје наскоро ќе се здобие со уште неколку подароци. Овој пат дарители ќе бидат повеќе познати британски уметници кои ќе подарат неколку колекции слики и скулптури.

Директорот на Уметничката галерија од Брадфорд ќе упати молба до уметниците во текот на следните неколку недели и се очекува на неговиот апел да се соберат околу 30 уметнички дела.

Брадфорд намерава да ја испрати сликата "Фигура во седечки став", од Леонард Стопониј. Оваа слика се наоѓа меѓу сликите што минатата година во септември беа изложени на изложбата на брадфордската општина приредена во Скопје. Директорот на Уметничката галерија, кој минатата година престојуваше во Скопје, во времето на одржувањето на изложбата, се надева дека британските уметници масово ќе се одзоват на неговата молба.

Пријателството меѓу двата града и понатаму ќе се одржува, овој пат со размена на изложби, а најверојатно по три месеци, во Брадфорд ќе биде итворена изложба на една богата колекција икони, за кои во Англија постои големо интересирање, а во Скопје исто така се очекува изложба на извесен број слики и цртежи од брадфордските уметници.